Бр./Nr 12-1486/2

17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1486/1 од 23.04.2024 година, против лицето --------------------, Градоначалник на Општина -------- ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а приложените докази не укажуваат на вршење на кривично дело.

Предметот со број 12-1486/1 од 23.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.04.2024 година, поднесена е пријава за лицето --------- ----------, Градоначалник на Општина --------- ------------- и оформен е предмет број 12-1486/1 од 23.04.2024 година. Во пријавата подносителот наведува дека Градоначалникот на Општина ------- ----------, ------- ----------- ја злоупотребил својата службена положба користејќи општинско возило за партиски/изборни цели. Според подносителот на пријавата на ден 13.04.2024

година во вечерните часови, после работното време Градоначалникот --------- ---------- дал наредба на вработените лица ----------- - --------- со општинскиот камион кој се користел за улично осветлување да местат банери на политичка партија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавените наводи, односно дејствија не претставуваат корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, од причина што доказите (фотографии) приложени кон пријавата не укажуваат на вршење на кривично дело.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата